Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Бр.49-2117/3

Скопје, 12 Март 2020 година

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за транспорт и врски - Ministria e Transportit dhe Lidhjeve
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Inspektorati Shtetëror për Ndërtimtari dhe Urbanizëm
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar më: | 16.03.2020 | |
|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë |
| 12 | 202/1 | |

**ДО Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**
**Бул„Гоце Делчев“број 18,1000 Скопје**
-за контакт лице за информации од јавен карактер

**Предмет:Известување и доставување на надлежност**

Почитувани,

До Генералниот секретаријат на Владата, доставено е барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Здружение на граѓани „ФРОНТ 21/42“, преку Ања Јованова, заведено под арх.бр.49-2117/1 од 9.3.2020 година.

Генералниот секретаријат подготви Решение за позитивен одговор **по дел од барањето** (за делот во врска со доставување на копија од Записникот од 4-та седница на Владата, одржана на ден 21.01.2020 година) и го достави на барателот.

Генералниот секретаријат на Владата, во врска со **останатиот дел од барањето** за пристап до информации од јавен карактер, кој се однесува на доставување на целокупната пропратна документација и сите донесени одлуки, препораки, задолженија по однос на точка 86 од дневниот ред на 4-та седница на Владата со наслов - Информацијата за текот и прогресот на активностите за изработка на инвентар за нелегални градби во општините Охрид, Струга и Дебарца, постапи согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно Генералниот секретаријат ви го доставува делот од барањето наведен претходно, на понатамошна надлежност, со цел да постапите по барањето согласно законски пропишаните одредби.

Со почит,

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Прилог 1:-копија од барање со архивски број 49-2117/1 од 9.3.2020 година.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

Арх. Бр: 12 – 202 и 203
Датум: 19.03.2020 година

**До:**

**Предмет: Известување**

**Врска: Ваш бр.**

Почитуван,

Во однос на барањето со наслов за информација за текот и прогресот на активностите за изработка на инвентар за нелегални градби во општините Охрид,Струга и Дебарца, а во согласност со Законот за постапување со бесправно изградени објекти Ве информираме дека за градбите од локално значење утврдувањето на правниот статус е во надлежност на општини во чии граници е лоциран објектот . За градбите од значење на Републиката Министерството за транспорт и врски е надлежно да додели правен статус на објектите.

Исто така Ве информираме дека инвентарот на бесправно изградени објекти е опфатен со Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029) кој е објавен во Службен Весник на РСМ бр.45 од 18.02.2020год.

Во однос на барањето 49-2118 кое е препратено во инспекторатот и заведено под наш број 12-203 Ве информираме дека согласно Законот за животна средина овој орган нема надлежност да постапува.

Република Северна Македонија

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -
Одделение за нормативно правни и општи работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12-202/2
19.03. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Датум: 19.03.2020 година**

**До: Здружение на граѓани „ФРОНТ 21/42“**

**ул. 11-ти Октомври бр.26 - Велес**

**Предмет: Известување по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитуван/а

До Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам доставено е Известување и доставување на надлежност од страна на Генералниот секретаријат на Владата, барање за пристап до информации од јавен карактер број 12-202/1 од 16.03.2020 година.

Ве информираме дека инвентарот на бесправно изградени објекти е опфатен со Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029) кој е објавен во Службен Весник на РСМ бр.45 од 18.02.2020 год.

Со Почит

Изработил:
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на ОНПОР

**в.д. Директор**
**Llokman Limani**

FRONT 21|42

Здружение на граѓани
"ФРОНТ 21/42"
Бр. 05/2020/2/40и
15.05. 2020 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më | 14.05.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | | | Вредност Vlera |
| 12 | 202/3 | | |

13.05.2020 година, Скопје

**До:**

**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

**Предмет: У Р Г Е Н Ц И Ј А за постапување по Барање за пристап до информации од јавен карактер арх. бр. 03/2020/2/30и од 06.03.2020 година**

Почитувани,

На ден 06.03.2020 година, Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42" (во понатамошниот текст: „Фронт 21/42"), до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија преку електронска пошта поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер (наш архивски бр. 03/2020/2/30и), заради доставување на:

- **Копија од Записникот од 4-та седница на Влада, одржана на ден 21.01.2020 година, заедно со целокупната пропратна документација, во врска со точка 86 од дневниот ред на 4-та седница на Влада и сите донесени одлуки, препораки, задолженија по однос на истата: „Информацијата за текот и прогресот на активностите за изработка на инвентар на нелегални градби во општините Охрид, Струга и Дебрца"**

На 12.03.2020 година, преку електронска пошта до „Фронт 21/42", од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија беше доставен допис Известување бр. 49-2117/4 од 12.03.2020 година, во кое е наведено: *„Генералниот секретаријат на Владата, во врска со **останатиот дел од барањето** за пристап до информации од јавен карактер, кој се однесува на доставување на целокупната пропратна документација и сите донесени одлуки, препораки, задолженија по однос на точка 86 од дневниот ред на 4-та седница на Владата со наслов – Информацијата за текот и прогресот на активностите за изработка на инвентар за нелегални градби во општините Охрид, Струга и Дебарца, постапи согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ бр.101/19), односно Генералниот Секретаријат Ве известува дека го достави делот од барањето наведен претходно, на понатамошна надлежност до **Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како создавач на информацијата**, со цел да постапат по барањето согласно законски пропишаните одредби".*

FRONT 21|42

Согласно член 21 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.С.М. бр. 101/19): „Имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето".

Од моментот на доставување на Известувањето од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од 12.03.2020 година, дека Барањето за пристап до информации (наш архивски бр. 03/2020/2/30и) од 06.03.2020 година е препратено до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, до денес 13.05.2020 година, до „Фронт 21/42" не е доставен Одговор на Барањето за пристап до информации од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Врз основа на член 4 од Архуската Конвенција, член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 51 од Законот за животна средина, Ве молиме во најбрз можен рок да ни ги доставите бараните информации од јавен карактер за кои е поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер арх. бр. 03/2020/2/30и од 06.03.2020 година, во печатена и/или електронска форма на следните адреси:

**„Фронт 21/42"**
**Бул. Климент Охридски бр. 54/2-2, 1000 Скопје**

Прилог:

- Копија од Барање за пристап до информации од јавен карактер (наш архивски бр. 03/2020/2/30и) од 06.03.2020
- Копија од Известување бр. 49-2117/4 од 12.03.2020 година на Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

FRONT 21|42

Headquarters: Branislav Nusic No.8-5/9, 1000 Skopje, R. Macedonia
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2. 1000 Skopje, R. Macedonia

Бр. 05/2020/2/30И
06.03. 2020
Скопје

06.03.2020 година, Скопје

**До:**
Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Ви се обраќаме во врска со одлуки и информации, усвоени на седници на Владата на Република Северна Македонија, кои согласно Листата на информации од јавен карактер, објавена на Вашата интернет страница, ги поседува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Врз основа на член 4 од Архуската конвенција, член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.М. бр.101/19) и член 51 од Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М. бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10 24/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Ве молиме да ни доставите:

- **Копија од Записникот од 4-та седница на Влада, одржана на ден 21.01.2020 година, заедно со целокупната пропратна документација, во врска со точка 86 од дневниот ред на 4-та седница на Влада и сите донесени одлуки, препораки, задолженија по однос на истата: *„Информацијата за текот и прогресот на активностите за изработка на инвентар на нелегални градби во општините Охрид, Струга и Дебрца"***

Ве молиме бараните информации да ги доставите во <u>електронска форма</u> на следната адреса:

## Барања за пристап до информации од јавен карактер

From
To
Cc
Date 2020-03-06 14:22

Барање за пристап до информации од јавен карактер - 30и.pdf (~202 KB)
Барање за пристап до информации од јавен карактер - 31и.pdf (~243 KB)

Почитувани,

Ви се обраќам од името на Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42". Со оваа електронска пошта Ви доставуваме Барања за пристап до информации од јавен карактер.

Се надеваме дека во најбрз можен рок ќе постапите по поднесените Барања за пристап до информации и ќе ни ги доставите бараните информации.

Со почит,

...ниа на граѓани
„ФРОНТ 21/42"
бр. 03/2020/2/37В
12.03. 2020 год.
СКОПЈЕ

## (no subject)

**Date** 2020-03-12 10:39

resenie 2117-2.pdf (~150 KB) izvestuvanje 2117-4.pdf (~82 KB) resenie 2118-2.pdf (~146 KB) izvestuvanje 2118-5.pdf (~114 KB)

Почитувани/а Генералниот секретаријат на Влада Ви ги доставува официјалните акти и известувања подготвени од истиот во врска со барањата за пристап до информации од јавен карактер заведени под наш арх.бр.49-2117 со наслов: копија од Записникот од 4-та седница на Владата, одржана на ден 21.01.2020 година заедно со целокупната пропратна документација, во врска со точка 86 од дневниот ред на 4-та седница на Влада и сите донесени одлуки, препораки, задолженија по однос на истата:„Информацијата за текот и прогресот на активностите за изработка на инвентар за нелегални градби во општините Охрид,Струга и Дебарца и барање со наш арх.број 49-2118 со наслов: копија од Записникот од 7-та седница на Владата, одржана на ден 10.02.2020 година и доставување на целокупната пропратна документација и сите донесени одлуки, препораки, задолженија по однос на точка 4 од дневниот ред на 7-та седница на Владата со наслов - Информацијата за извршен инспекциски надзор на изградба на градби од прва категорија на подрачјето на општините Охрид и Струга и Информација за превземените активности на овластените градежни инспектори за наведените подрачја и Информација за концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони" и „Информација за преземање на мерки и активности на риболовното подрачје Охридско езеро по Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за едностран раскин на Договорот за концесија на рибите за вршење на стопански риболов.

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Бр.49-2117/4

Скопје, 12 Март 2020 година

**ДО Здружение на граѓани „ФРОНТ 21/42“**

**Предмет:**Известување

Почитувани/а,

До Генералниот секретаријат на Владата, доставено е барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Ваша страна, заведено под арх.бр.49-2117/1 од 9.3.2020 година.

Генералниот секретаријат подготви Решение за позитивен одговор **по дел од барањето** (за делот во врска со доставување на копија од Записникот од 4-та седница на Владата, одржана на ден 21.01.2020 година) и Ви го достави како на барател на информацијата.

Генералниот секретаријат на Владата, во врска со **останатиот дел од барањето** за пристап до информации од јавен карактер, кој се однесува на доставување на целокупната пропратна документација и сите донесени одлуки, препораки, задолженија по однос на точка 86 од дневниот ред на 4-та седница на Владата со наслов - Информацијата за текот и прогресот на активностите за изработка на инвентар за нелегални градби во општините Охрид, Струга и Дебарца, постапи согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно Генералниот секретаријат Ве известува дека го достави делот од барањето наведен претходно, на понатамошна надлежност до **Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како создавач на информацијата**, со цел да постапат по барањето согласно законски пропишаните одредби.

Со почит,


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk